РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА

# Билтен на месечни активности за месец јуни 2018

јули, 2018

# Содржина

Постапки за селекција на кандидати за вработување и унапредување на административни службеници ........ 1

Испит за административно управување ........ 2

Постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен ........ 3

Соработка со други институции и меѓународна соработка ........ 4

Комуникација со корисници на услуги преку електронска контакт адреса ........ 4

Јавни набавки ........ 5

Реализација на буџет ........ 6

# Постапки за селекција на кандидати за вработување и унапредување на административни службеници

Во Агенцијата за администрација во месец јуни 2018 година, примени се 31 барања за објавување на јавен оглас за вработување на административни службеници, објавени се 30 огласи, а запрено е 1 барање за објавување на јавен оглас, за вкупно 127 работни места за 131 извршители. За институциите од централната власт објавени се 8 јавни огласи за 72 работни места со 76 извршители, додека за институции од локалната власт објавени се 22 јавни огласи за 55 работни места со 55 извршители. На објавените огласи пријавени се 471 кандидати, од кои 405 на огласи за институциите од централна власт, а 66 кандидати се пријавени за институциите од локалната власт.

| Примени барања | Запрени барања | Објавени огласи | **Вкупно** | **Институции од централната власт** | | | | | **Институции од локалната власт** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 31 | 1 | 30 | / | број на огласи | категории на работни места | | | | број на огласи | категории на работни места | | | |
| | | | | | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно | | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно |
| Работни места | | | 127 | 8 | 26 | 43 | 3 | 72 | 22 | 9 | 28 | 18 | 55 |
| Извршители | | | 131 | | 26 | 47 | 3 | 76 | | 9 | 28 | 18 | 55 |
| Број на пријавени кандидати | | | 471 | | 123 | 282 | 0 | 405 | | 6 | 37 | 23 | 66 |
| Завршиле со објавување на Одлука за избор | | | 9 | 1 | 5 | 1 | 0 | 6 | 8 | 9 | 5 | 3 | 17 |

*Табела 1. Јавни огласи јуни 2018*

Во истиот период спроведени се 21 административни селекции за пријавени 208 кандидати, спроведени се 18 испити на кои што се поканети 97 кандидати, од кои полагале 70 кандидати, проверки на веродостојност на докази и интервју се спроведени на 15 огласи за 76 кандидати. Изработени се конечни ранг листи за 14 огласи и предлог за избор на 47 кандидати, а објавени се 23 одлуки за избор на кандидати за вработување од 9 огласи.

| Административни селекции | | Спроведени Испити | | | Спроведени проверки на веродостојност на докази | | Интервјуа | | Конечни ранг листи | | Примени и објавени Одлуки за избор | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| огласи | кандидати | огласи | кандидати | | огласи | кандидати | огласи | кандидати | огласи | кандидати | огласи | кандидати |
| | | | поканети | полагале | | | | | | | | |
| 21 | 208 | 18 | 97 | 70 | 15 | 76 | 15 | 59 | 14 | 47 | 9 | 23 |

*Табела 2. Спроведени активности по огласи во јуни 2018*

Во Агенцијата за администрација во месец јуни 2018 година, примени се 8 барања за објавување на интерен оглас за унапредување на административни службеници, објавени се 9 огласи, за вкупно 34 работни места за 35 извршители. За институциите од централната власт објавени се 3 интерни огласи за 15 работни места со 16 извршители, додека за институциите од локалната власт објавени се 6 интерни огласи за 19 работни места со 19 извршители.

| Примени барања | Запрени барања | Објавени огласи | **Вкупно** | **Институции од централната власт** | | | | | **Институции од локалната власт** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8 | / | 9 | / | број на огласи | категории на работни места | | | | број на огласи | категории на работни места | | | |
| | | | | | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно | | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно |
| Работни места | | | 34 | 3 | 5 | 8 | 2 | 15 | 6 | 12 | 5 | 2 | 19 |
| Извршители | | | 35 | | 5 | 9 | 2 | 16 | | 12 | 5 | 2 | 19 |

*Табела 3. Интерни огласи јуни 2018*

# Испит за административно управување

Во текот на месец јуни 2018 година, спроведени се 8 испити за административно управување и испратени се 4 Известувања до Министерството за информатичко општество и администрација за резултатите од полагањето на испитот. На спроведените сесии за административно управување, пријавени беа 202 кандидати. Од нив на испитот се појавија 170 кандидати, од кои што испитот го положија 122 кандидати или 72%. Од пријавените кандидати, 150 се вработени во јавен сектор, 13 во приватен сектор, додека 7 од пријавените кандидати се невработени.

| Спроведени испити | Пријавени кандидати | Присутни на испит | положиле | неположиле | јавен сектор | приватен сектор | невработен |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8 | 202 | 170 | 122 | 48 | 150 | 13 | 7 |

*Табела 4. Административно управување јуни 2018*

# Постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен

До Комисијата за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен во текот на месец јуни 2018 година, беа поднесени 56 жалби. Во тековниот месец Комисијата одржа 6 седници, обработи 31 жалби, од кои 27 жалби се од државни службеници и 4 жалби од јавни службеници. Од вкупниот број на обработени жалби и приговори од државните службеници уважени 9, одбиени 15, 1 жалба е отфрлена како ненавремена и 2 жалби се повлечени од подносителот.

Од вкупниот број на обработени жалби и приговори од јавните службеници уважена 2 жалби и 2 жалби се одбиени.

| Број на примени жалби и приговори | | Број на обработени жалби и приговори државни (Д) и јавни службеници (Ј) | | уважени | | одбиени | | отфрлени | | отстапени на друг орган | | повлечени од подносител | | не надлежност | | мериторно уважени | | мериторно одбиени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј |
| 35 | 21 | 27 | 4 | 9 | 2 | 15 | 2 | 1 | / | / | / | 2 | / | / | / | / | / | / | / |

*Табела 5. Обработени жалби во јуни 2018*

# Соработка со други институции и меѓународна соработка

Агенцијата за администрација во текот на месец јуни 2018 година оствари соработка со институциите во јавниот сектор за што има обработено 23 предмети, од кои 2 се однесуваат на тековното работење на Агенцијата за администрација, а останатите 21 предмети се однесуваат од државните институции, општините и граѓаните и тоа: Управен суд (1), Единици на локална самоуправа (2), Виш управен суд (3), Државно правобранителство (2), Основен суд (2), Комисија за заштита од дискриминација (1), Државен завод за статистика (1) и граѓани (9).

Во истиот период, вработени во Агенцијата за администрација земаа учество на работилница на тема „Мрежата на организационите единици за управување со човечки ресурси", организирана од Министерство за информатичко општество и администрација, присуства на обуки на тема „Комуникациски вештини", организирана од ОБСЕ, и „Спроведување на Функционалната анализа во институциите од јавната администрација во рамките на проектот „Поддршка на процесот на реформа на јавната администрација„ организирана од страна на Министерство за информатичко општество и администрација.

Во просториите на Агенцијата за администрација на 12.06.2018 година, се одржа работна средба со TAIEX - Оценската мисија за административна правда, со цел оценка на ефикасност и ефективност на системот на административната правда во Република Македонија.

На 01.06.2018 година, генералниот секретар на Агенцијата учествуваше на работна средба на која се разгледуваше Нацрт-Законот за управна инспекција, со техничка поддршка на Проектот на УСАИД за модернизација на инспекциските служби.

# Комуникација со корисници на услуги преку електронска контакт адреса

На службената контакт е-маил адреса на Агенцијата, пристигнати се 36 е-маил пораки во форма на прашања од заинтересирани граѓани, од кои што на 33 е одговорено, а на 3 не е одговорено.

# Јавни набавки

Во текот на месец јуни 2018 година, утврдена е потреба од започнување на 3 постапки за јавни набавки за кои што се донесени одлуки за јавни набавки, објавени се 3 огласи за јавни набавки на ЕСЈН, донесена е 1 одлука за избор на најповолен понудувач и склучени се 2 договори за јавни набавки со вкупна вредност од 525.140,00 денари без ДДВ, односно 619.665,00 денари со ДДВ.

| Број на донесени Одлуки за јавни набавки | Објавени огласи на ЕСЈН | Број на донесени Одлуки за избор | Број на склучени договори |
|---|---|---|---|
| 3 | 3 | 1 | 2 |

*Табела 6. Јавни набавки јуни 2018*

# Реализација на буџет

Во месец јуни 2018 година реализацијата на буџетот е прикажана во следната табела:

| Ставка | Буџет 2018 година | Реализација на буџетот до 30.06.2018 | Реализација на буџетот од 01.06.2018 - 30.06.2018 | Преостанат буџет на располагање до 31.12.2018 |
|---|---|---|---|---|
| **401–основни плати** | 21.462.000,00 | 10.348.461,00 | 1.714.886,00 | 11.113.539,00 |
| **402-придонеси за социјално осигурување** | 7.938.000,00 | 3.827.541,00 | 635.199,00 | 4.110.459,00 |
| **420-патни и дневни расходи** | 60.000,00 | 33.717,00 | 0 | 26.283,00 |
| **421-комунални услуги, греење, комуникација и транспорт** | 2.393.195,00 | 1.178.770,00 | 206.333,00 | 1.214.425,00 |
| **423-материјали и ситен инвентар** | 300.000,00 | 140.493,00 | 3.255,00 | 159.507,00 |
| **424-поправки и тековно одржување** | 2.500.000,00 | 1.000.902,00 | 130.591,00 | 1.499.098,00 |
| **425-договорни услуги** | 1.700.000,00 | 786.977,00 | 204.754,00 | 913.023,00 |
| **426-други тековни расходи** | 300.000,00 | 163.496,00 | 10.000,00 | 136.504,00 |
| **464-разни трансфери** | 15.000,00 | 15.000,00 | 0 | 0 |
| **465-исплата по извршни исправи** | 141.168,00 | 141.168,00 | 0 | 0 |
| **480-купување на опрема и машини** | 450.637,00 | 208.606,00 | 199.306,00 | 242.031,00 |
| **485-вложување и нефинансиски средства** | 3.000.000,00 | 2.845.906,00 | 0 | 154.094,00 |
| ВКУПНО | **40.260.000,00** | **20.691.037,00** | **3.104.324,00** | **19.568.963,00** |

*Табела 7. Реализацијата на буџетот на Агенцијата*